

**Исповед на обесправен Македонец**

Јас сум обесправениот Македонец од Егеј, од Желево, Леринско, а ќе ви зборувам како еден гол Македонец, измиен, исчистен од сите туѓи влијанија. Ке ви зборувам и не се плашам од никого: Ниту од србските, ниту од бугарските, ниту од грчките шовинисти. што повеке ке ми сторат? Ке ме тераат од мојата земја? Ке ми ги забрануваат националните и човечките права? Ке ме тепаат? Ке ме мачат? Ке ме колат? Се можат да прават ама не ке можат да ме изедат. Ке зборувам и вистината ке ја кажувам насекаде и на секој кој ке сретнам.

Маките што ги доживеав, маките што ги истрпив, трагедијата што ја истрга и ја трга мојот народ со зборови не се докажува, е многу голема, е многу тешка, е многу страшна, како некоја бура да помина И крена се; И дрва, И куќи, И луѓе, И деца оддели од мајки.

Некој од моите браќа и сестри ме советуваат да не барам многу одеднаш, да нему падни мачно на нашите непријатели и окупатори. Јас не барам туѓа земја, јас си ја барам мојата, тоа што нас ни припаѓа, тоа што ние наше, убаво и мило, тоа што ни го окупираа и ни го прекрстуваат; јазикот, песната и орото македонско што ни го забрануваат, јас си ги

барам човечките правдини, јас си ја барам слободата.

Цврст како камен се сторив и солзи не капат од моите очи, капнав да се бранам од грчките шовинисти кои ја напаѓаат македонската нација, македонскиот народ и нашето постоение. Доста со пропаганди и напаѓаниа му велам; излезете од фанатизмот, излезете од хелинизмот и дојдете да седните на масата, не како фанатици, не како грци, да седнете како луѓе и да ја слушните нашата страна.И ние сме луѓе родени од мајки, не паднавме од небо и се најдовме во територијата македонска. Нашите дедовци и пра дедовци со илјади години живееја во Македонија, се бореа, ја бранеа и умираа за слободата на Македонија.

Не мие срам да викам и да се борам за човечките права.Не мие срам да ја кренам паролата и да демонстрирам, но сам ништо не ке можам да сторам. И ти, И тој, И таа сами ништо не ке можите. Треба сите заеднички и обединети.

Денес на Македонецот му е потребно да му се слушне гласот посилно и подалеку од било кога досега за да му донеси крај на грчката шовинистичка пропаганда која работи отворено по сите меридијани во светот; против македонската нација, против македонскиот народ, против нашето постоение. Иљадници Македонци по сите меридијани во светот денес живеат со страв како призионери под таа пропаганда и дискриминација. Ете зошто е потребно нашиот глас да се слушни посилно И подалеку. Ова ке можеме да го сториме ако работиме убаво и сложно, ако бидеме цврсто поврзани, заеднички и братски обединети.

*Ѓорги Ф. Тодоровски*